Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 05.07.2021

На 04.07.2021 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба, ја лишиле од слобода К.В.(23) од Крива Паланка, затоа што при извршен преглед кај неа биле пронајдени марихуана и прашката материја. По документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.06.2021 околу 01.10 часот, на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.Ф.(24) и Г.Ф.(21), од тетовско Нераште, В.Б.(27) од Жажинце и Л.Е.(28) од Глоѓи, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана, 45 екстази таблетки и дробилка. Четворицата се задржани во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 04.07.2021 во 16.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода Х.М.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2021 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Т.О.(44) од Штип, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 122 мерки, меѓу кои 72 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 16 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за непропишно престигнување, 2 за некористење сигурносен појас и 25 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли.

На 04.07.2021 во 12.00 часот било пријавено дека во Штип, на крстосницата од ул. „Сутјеска" со ул.„Митко Соколов", мотоцикл „генерик хор", со штипски регистарски ознаки, управуван од Б.Ж.(59) од Штип, паднал на коловозот. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Штип.

СВР Струмица на 04.07.2021 спроведе засилени контроли во сообраќајот, при што биле констатирани 50 прекршоци, од кои 44 сторени од возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената. Истиот ден беа спроведени засилени мерки и над возачите на мотоцикли, при што биле констатирани 13 прекршоци, од кои 8 за некористење на заштитен шлем-кацига за време на возење, по 2 за управување без возачка потврда/дозвола и нерегистриран мотоцикл и 1 прекршок за изминат рок на важност на регистрацијата. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 04.07.2021 во 23.10 часот било пријавено дека на крстосницата од улиците „Коце Меѓалец", „Тајмишка", „Гемиџиска" и „Ферид Бајрам" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „цитроен", управувано од М.Т.(50) од с.Волково, скопско, и патничко возило „ауди", управувано од М.Л.(48) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила М.Т., додека со повреди се здобиле М.Л. и малолетен сопатник, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

Во периодот од 02 до 04.07.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 163 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 48 возачи управувале возило без возачка дозвола, 10 возила биле со измината регистрација, седум возачи разговарале на мобилен телефон, 20 возачи управувале возило под дејство на алкохол и истите се исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 04.07.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, В.К.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Женевска" била касната од куче скитник.

На 04.07.2021 во 23.40 часот било пријавено дека на крстосница од бул.„Св.Климент Охридски" и бул.„Партизански одреди", А.А.(41) од Скопје управувајќи мопед „априлиа", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. По незгодата А.А. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатото деноноќие (04.07/05.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 63 прекршоци.

На 04.07.2021 во 18.40 часот во Полициската станица Драчево, Д.М.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 04.07.2021, при извршени контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници санкционирале 19 прекршоци на возачи на мотоцикли (Охрид-04, Струга-08, Кичево-03, Дебар-04).

На 05.07.2021 во 01.00 часот било пријавено дека во Прилеп, на крстосницата од ул. „Тризла" со ул.„11 Октомври" и ул.„Миноски Горан" се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед „хамачи", управуван од малолетник и патничко возило „мерцедес", со прилепски регистарски ознаки, управуван исто така од малолетник, двајцата од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка на мопедот, а со телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Општата болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 04.07.2021 во 14.00 часот во маркет во Струга од полициски службеници од Полициска станица Струга бил приведен Ц.Г.(40) од Романија, бидејќи го нарушил јавниот ред и мир. Лицето е задржано и ќе биде предадено на судија за претходна постапка за понатамошно постапување.

На 04.07.2021 во СВР Скопје, Н.А.(54) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од Б.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2021 во околу 16.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Ласкарци, скопско, Б.С.(22) и И.С.(40) од с.Ласкарци, по претходна расправија, физички ги нападнале М.С.(45), Е.С.(18) и 16-годишна малолетничка, сите од с.Ласкарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2021 во 00.30 часот во СВР Скопје, М.С.(56) од Скопје пријавил дека на 04.07.2021 околу 23.10 часот на паркинг пред угостителски објект на подрачјето на Аеродром, две лица со употреба на сила од неговиот 16-годишен син одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2021 околу 21.50 часот во Полициска станица Бит Пазар било пријавено дека во аптека на подрачјето на Бит Пазар две лица со закана од вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.Т.(33) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука". На 02.04.2021 во 18.00 часот, додека оштетената била на спомен костурница во Велес заедно со нејзиното дете, пријавениот дошол и започнал агресивно да се однесува, по што ја следел до нејзиниот дом и се задржал пред нејзината куќа извесен временски период. Со тоа не го почитувал судското решение донесено од Основен суд Велес со кое му е изречена мерка забрана да се приближува до домот на оштетената.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.Р.(30) од Тетово, одговорно лице во правно лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" и С.Е.(50) од Никуштак, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Првопријавениот, во својство на одговорно лице, издал дозвола за движење за време на полициски час на второпријавениот, иако не бил вработен во правното лице, со што ја злоупотребил службената положба и овластувањe, а второпријавениот на 11.04.2021 околу 17.30 часот, за време на полициски час, бил сопрен од полициски службеници и притоа ја покажал дозволата.

На 04.07.2021 во СВР Битола, Д.К.(21) од Битола пријавил дека на ул.„16-та" маж со пушка пукал во куче. Во полициска станица повикани се три лица, пушката е одземена и дадена на вештачење и се работи на расчистување на случајот.

На 04.07.2021 во 22.11 часот во СВР Скопје е пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош е донесен Х.С.(20) од с.Петровец, скопско, кој на местото викано „Бавчи" бил повреден од залутан куршум. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет